Машински факултет
Број 02-1257/1
30.06.2017 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на предлог од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот на 11-та редовна седница одржана на 29 јуни 2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за примена на студиските програми од прв циклус студии кои се воведуваат во учебната 2017/2018 година

Студиите на Машински факултет во Скопје според студиските програми од прв циклус студии акредитирани во тековната година, започнуваат со настава во прва година во учебната 2017/2018 година.

Студентите кои на прв циклус студии на Машински факултет се запишале заклучно со учебната 2016/2017 година и студираат на студиските програми воведени во учебната 2012/2013 година, студиите ќе ги продолжат на студиските програми на кои се запишани, односно студиите ќе ги продолжат на новите студиски програми кои се воведуваат во учебната 2017/2018 година, во согласност со нивното постапно воведување, под следниве услови:

1. Студиите по студиските програми воведени во учебната 2012/2013 година (стари студиски програми) ќе ги продолжат студентите кои го исполнуваат условот да положиле најмалку 50%, односно 100% од предвидените кредити кои припаѓаат на соодветната година на студии (прва, втора, трета, четврта), и тоа по учебни години како што следува:

1.1. Четиригодишни студиски програми:
- 50% од прва година на студии (прв и втор семестар) до крајот на учебната 2016/2017 година;
- 100% од прва година и 50% од втора година на студии (трети и четврти семестар) до крајот на учебната 2017/2018 година;
- 100% од втора година и 50% од трета година на студии (петти и шести семестар) до крајот на учебната 2018/2019 година.

1.2. Тригодишни студиски програми:
- 100% од прва година на студии (прв и втор семестар) до крајот на учебната 2017/2018 година;
- 100% од втора година на студии (трети и четврти семестар) до крајот на учебната 2019/2020 година.

2. Студентите кои студиите ќе ги продолжат по старите студиски програми ќе ги запишуваат, односно презапишуваат и следат наставните предмети од соодветната година на студии во форма на редовна или менторска настава, во согласност со постапното воведување на новите студиски програми, и тоа:

2.1. Четиригодишни студиски програми:

- во учебната 2017/2018 година ќе следат редовна настава за сите предмети од втора, трета и четврта година, а за заостанатите предмети од прва година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти.

- во учебната 2018/2019 година ќе следат редовна настава за сите предмети од трета и четврта година, а за заостанатите предмети од втора година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти.

- во учебната 2019/2020 година ќе следат редовна настава за сите предмети од четврта година, а за заостанатите предмети од трета година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти;

- во учебните 2020/2021 - 2023/2024 година ќе следат редовна настава за заостанатите предмети од трета и четврта година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти.

2.2. Тригодишни студиски програми:

- во учебната 2017/2018 година ќе следат редовна настава за сите предмети од втора и трета година, а за заостанатите предмети од прва година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти.

- во учебната 2018/2019 година ќе следат редовна настава за сите предмети од трета година, а за заостанатите предмети од втора година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти.

- во учебната 2019/2020 година ќе следат редовна настава за заостанатите предмети од втора и трета година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти.

- во учебните 2020/2021 и 2021/2022 година ќе следат редовна настава за заостанатите предмети од трета година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти.

3. Студиите по старите тригодишни студиски програми студентите се должни да ги завршат (дипломираат) заклучно со учебната 2021/2022, а на четиригодишните студиски програми заклучно со учебната 2023/2024 година.

Студентите кои нема да ги задоволат пропишаните услови од точка 1.1. за четиригодишните студии и од точка 1.2. за тригодишните студии, како и студентите кои нема да ги завршат студиите во утврдените рокови од претходниот став го губат правото на завршување по студиски програми воведени во учебната 2012/2013 година.

4. Студентите кои нема да го исполнат условот од точка 1 на оваа одлука, односно студентите кои до крајот на учебната година нема да положат најмалку 50%, односно 100% од предвидените кредити за соодветната година на студии, ќе преминат и студиите ќе ги продолжат на студиските програми кои се воведуваат во учебната 2017/2018 година (нови студиски програми) постапно по учебни години, и тоа:

- прва година на студии (прв и втор семестар) во учебната 2017/2018 год.;
- втора година на студии (трети и четврти семестар) во учебната 2018/2019 год.;
- трета година на студии (петти и шести семестар) во учебната 2019/2020 год.;
- четврта година на студии (седми и осми семестар) во учебната 2020/2021 год.

5. На студентите кои ќе преминат и студиите ќе ги продолжат на новите студиски програми ќе им се признаваат положените испити според утврдената еквиваленција на предметите од студиските програми 2012/2013 – 2017/2018 година.

Неположените испити по преметите од летниот семестар студентите ќе ги полагаат во зимската (јануарска) испитна сесија под насловите под кои ги слушале, а признавањето на положените испити ќе се врши според еквиваленцијата од претходниот став.

6. Студентите од точка 4 на оваа одлука, во согласност со постапно воведување на новите студиски програми, при преминот на новите студиски програми ќе го задржат статусот на студенти во државна квота, со запишување на зимски и летен семестар за соодветната година на студии и нема да плаќаат за презапишани предмети од истата година на студии, под следниве услови:

- за првпат да запишале прва година на студии, односно следеле предмети од први и втори семестар во учебната 2016/2017 и за сите предмети од прва година кои ќе ги презапишат и следат како еквиваленти во согласност со утврдената еквиваленција;
- за првпат да запишале втора година на студии, односно следеле најмалку 50% од кредитите за предметите кои припаѓаат на трети и четврти семестар во учебната 2017/2018 и за сите предмети од втора година кои ќе ги презапишат и следат како еквиваленти во согласност со утврдената еквиваленција;
- за првпат да запишале трета година на студии, односно следеле најмалку 50% од кредитите за предметите кои припаѓаат на петти и шести семестар во учебната 2018/2019 и за сите предмети од трета година кои ќе ги презапишат и следат како еквиваленти во согласност со утврдената еквиваленција;
- за првпат да запишале четврта година на студии, односно следеле најмалку 50% од кредитите за предметите кои припаѓаат на седми и осми семестар во учебната 2019/2020 и за сите предмети од четврта година кои ќе ги презапишат и следат како еквиваленти во согласност со утврдената еквиваленција.

На овие студенти статусот на студент и обврските кон презапишаните предмети во натамошните студии, после преминувањето на новите студиски програми ќе им се уредува согласно актите на Универзитетот и на Факултетот.

Студентите, кои пред преминот на новите студиски програми се стекнале со статусот на студенти во квотата со кофинансирање ќе го задржат истиот статус и ќе плаќаат за презапишани предмети по првпат од соодветната година на студии, за сите предмети кои ќе ги презапишат по вторпат и следат како еквиваленти во согласност со утврдената еквиваленција.

7. На новите студиски програми можат да преминат и студентите кои го исполнуваат условот од точка 1 на оваа одлука, постапно по години на студии како што се воведуваат новите студиски програми.

На новите студиски програми можат да преминат и студентите кои се запишани на студиски програми кои се гаснат, постапно по години на студии како што се воведуваат новите студиски програми, на лично барање на студентот.

Студентите од оваа точка го задржуваат статусот на студент во кој се затекнале при преминот на новите студиски програми и ќе плаќаат за презапишување на предмети во согласност со одредбите од точка 6 од оваа одлука.

8. Студентите преминуваат во новите студиски програми по правило во оние студиски програми кои се следбеници на старите студиски програми.

Преминот во новите студиски програми се врши со поднесување изјава за премин на студиска програма воведена во учебната 2017/2018 година.

9. Студентите можат да преминат на студиска програма која не е следбеник на студиската програма на која се запишале, како и студентите кои преминуваат од студиска програма која згаснува, со поднесување на барање и на изјава за премин на нова студиска програма.

10. Преминот на новите студиски програми се врши само при запишување на зимскиот семестар од соодветната година на студии, до завршување на уписниот рок за зимскиот семестар во тековната учебна година во која се врши преминот.

11. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од учебната 2017/2018 година.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, огласна табла, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев